Република Македонија
Влада на Република Македонија
Служба за општи и заеднички работи

Влада на Република Македонија
**Служба за општи и заеднички работи**
Кузман Јосифовски Питу бр.17,
ТЦ Скопјанка, 1000 Скопје
Република Македонија
Тел.: (02) 2466-077
Факс: (02) 2465-104
Бр. 28-772/2
од ________2015 год.

**До**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул.Македонија 12/3, Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Произнесување по Нацрт извештајот од извршена ревизија на успешност бр. 11- 201/2 од 29.01.2015 година;

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на успешност со бр. 11-201/2 од 29.01.2015 година година на тема – **Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија на СОЗР на Владата на Република Македонија,** Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија во делот на забелешките за ревизорските наоди содржани во извештајот ги дава своите произнесувања:

- *Точка 2.1.3.* *КОНТРОЛИ*

**Констатирана состојба од ДЗР:**

На страна 19, во точка 2 став 1 алинеја 2 забележано е дека не е изготвена СТРАТЕГИЈА за информатичка технологија како документ за софатна ИТ безбедност.

**Произнесување од СОЗР:**

Во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, ИТ системот и ризиците од загуби и несакани настани поврзани со ИТ технологијата се сведени на минимум со донесувањето на пишани документи:

Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информатичкиот систем и овластените лица бр.03-1141/6 од 21.11.2011 година[1], План за создавање на систем на технички и организациони мерки за обезбедување на тајност на податоците бр. 03-1141/3 од 21.11.2011 година со Изјави за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци[2], Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија бр.03-1141/5 од 21.11.2011 година[3], Правилник за начинот на поништување на документите, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумот во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република

16.02.2015

11 201/3

---

[1] Прилог
[2] Прилог
[3] Прилог

Македонија 03-1141/4 од 21.11.2011 година[4], Евиденција на лица овластени за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории во Службата[5], согласно Упатството за начинот на водење на евиденција на лица овластени за вршење на обработка на лични податоци и за пренесување на медиуми надвор од работните простории во Службата.

Вработените се запознаени со правото да бараат пристап и исправка на лични податоци преку примена на образецот - Барање.

Во функционирањето на ZIC информатичкиот систем автоматски се вградени процедурите - Процедура за отварање и промена на лозинки, Процедура за правење архива и Процедура за безбедност на податоците, кои задолжително се применуваат при користење на системот.

Непостоење на СТРАТЕГИЈА за информатичка технологија како документ за сеопфатна ИТ безбедност во пишана форма, не значи дека овие контроли не функционираат.

Укажуваме на фактот дека ИТ системот функционира во доволно обезбедена и контролирана средина со организирани и имплементирани мерки за безбедност на ИТ технологија и покрај тоа што нема пишана СТРАТЕГИЈА.

- *Точка 2.2.1.* ***СИСТЕМ НА ИНТЕРНИ КОНТРОЛИ ВО ПРОЦЕСОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАБАВКИТЕ***

I.

**Констатирана состојба од ДЗР:**

На стр. 23 точка 2 во став 1 стои забелешка дека Реализацијата/исполнувањето на вредноста на склучените договори се следи од страна на лица вработени во Секторот за комерцијални работи, без писмено задолжување од раководителот на субјектот за вршење на контрола за набавките за поодделни договори.

**Произнесување од СОЗР:**

Во Правилникот за Систематизацијата на работните места на Слушбата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, има две вградени работни места: Советник - Следење на договори и Виш соработник - Следење на договори[6]. Овие работни места се пополнети и вработените се задолжени со Решенија за распоредување и за утврдување на висината на плата на државен службеник.

---

[4] Прилог

[5] Прилог

[6] Извадок од Правилникот за Систематизација

II.

**Констатирана состојба од ДЗР:**

На стр. 25 точка 1 во став 1 забележано е дека за склучениот договор за одржување на хигиена на работни простории и дворни површини, тековно одржување на објектите, обезбедување и ПП заштита на објектите, дактилографски услуги и оперирање со ТТ централи на објектите на државната управа и подрачните единици на министерствата за период од три години, постои ризик од надминување на вредноста на договорот.

**Произнесување од СОЗР:**

За овој договор ризикот се одржува во рамки на прифатливо ниво со редовни месечни проверки.

Во извршената внатрешна ревизија во 2014 година на тема Системска ревизија на процесот на следење на реализацијата на склучените договори со број 02/2014, посебен акцент е ставен на овој договор и направена е детална контрола, анализа и увид. Во периодот од три години претпоставена е појавата на ризик поради променети состојби на локациите на кои се наоѓаат државните органи и многуте склучени анекси кон основниот договор. Во функција на контролата се формираа комисии кои со мерење и увид на лице место во сите објекти на локација во Скопје и во подрачните единици на министерствата низ Република Македонија, направија проверка и контрола на фактичката состојба, се вградија измени на основниот договор во Анекс 35 со цел ризикот од несакани настани да се сведе на минимум. Реализацијата исто така редовно се следи на месечно ниво со посебен акцент на внимание вредноста на склучените анекси на договорот да не ја надмине вредноста на основниот договор.

. *Точка 2.2.3. <u>ИНВЕНТАРИСУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА И ОБВРСКИТЕ</u>*

**Констатирана состојба од ДЗР:**

Во содржината на стр. 26-29 ревизијата констатирала дека во СОЗР воспоставените контроли во процесот на инвентарисување (попис) на средствата и обврските **не овозможуваат целосна покриеност на ризиците** што може да има влијание врз реалноста и објективноста на позициите од Билансот на состојба на 31.12.2013 година.

**Произнесување од СОЗР:**

Во Службата постапката за извршување на пописот е планирана, организирана и спроведена согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

## Служба за општи и заеднички работи

сметководството на буџетите и буџетските корисници и интерните Упатства за организирање и вршење на попис кои се изработени за секоја пописна комисија поединечно и кои се ажурираат на годишно ниво.
Нецелосна покриеност на ризиците постои поради фактот што и покрај тоа што се преземени мерки и активности за надминување на состојбата и отстранување на ризиците, овој вид на ризици преоѓаат во резидуални ризици кои остануваат и по преземените мерки и активности на Службата за нивно намалување. И покрај тоа што се подготвени и усвоени информации до Владата на Република Македонија, по кои се донесени одлуки и заклучоци од Владата за преземање на активности од страна на министерствата и други државни органи, нивните неспроведени активности се одразуваат на појавата и постоењето на овие ризици во работењето на Службата и ја прави состојбата отежната за надминување.

Во врска со нашето досегашно произнесување, очекуваме дека ќе се согласите со горенаведените аргументи и се надеваме дека истите ќе бидат прифатени од Ваша страна.

Раководството на Службата за општи и заеднички работи ќе продолжи да вложува многу труд, настојување и постојани заложби во насока на секојдневно зајакнување и подобрување на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија преку следење и усогласување на своето работењето согласно законската регулатива.

Доказ за горенаведеното е тоа што во периодот до добивање на Нацрт извештајот, а во врска со Вашите препораки, Службата ја донесе Годишната програма за 2015 година и Стратешкиот план 2015-2017, ја донесе процедурата за Процесот на јавни набавки и продолжува со започнатите активности по останатите препораки со цел зајакнување и подобрување на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија.

Со почит,

**Служба за општи и заеднички работи**
**на Владата на Република Македонија**
**ДИРЕКТОР,**
**д-р Васе Доневски**

Подготвил: Светлана Бурагева
Јулија Глигоровска